верзија/важи од: 3/04.2021

# DEZINTAL® extra
# Алкохолен раствор за брза дезинфекција на површини
# Готов за употреба

## Состав

100 g раствор содржи:

| | |
|---|---|
| 2-пропанол | 20,0 g |
| етанол 96 % | 10,0 g |
| бензалкониум хлорид | 0,2 g |

## Особини и делување

**DEZINTAL® extra** е алкохолен раствор, готов за употреба, за брза дезинфекција на површини и на опрема. Има широк спектар на микробицидно дејство и брз микробициден ефект, со висок степен на сигурност на сите површини и на опремата. **DEZINTAL® extra** е избалансирана синергична формулација на различни активни материи, без алдехиди, која обезбедува одлично покривање на површините и едноставна примена. Се распрснува во форма на пена и при распрснувањето не се создаваат аеросоли. Распрснатата пена ја прави видлива површината и опремата што се дезинфицира, а алкохолот обезбедува одлично дејство на чистење и на брзо сушење. **DEZINTAL® extra** се употребува на површини и на опрема изработени од материјали отпорни на алкохол, како и од метали, пластика, плексиглас, латекс, акрилно стакло и др.

**Бактерицид** – вклучувајќи ги и *Staphylococcus aureus*, MRSA, *Escherichia coli*, *Pseudomonas aeruginosa*, *Enterococcus hirae*.
**Туберкулоцид**.
**Фунгицид** – вклучувајќи ги и *Candida albicans* и *Aspergillus brasiliensis*.
**Вируцид** – вклучувајќи ги и *HIV*, *HBV*, *HCV*, *Rotavirus*, *Adenovirus*, *Papovavirus*/SV40, *Influenza* H1N1/H5N1, *Influenza A virus*.

**DEZINTAL® extra не ја загадува човековата околина и целосно е биолошки разградлив.**

## Употреба

**DEZINTAL® extra** се употребува за брза дезинфекција на површини и на медицинска опрема: маси за операција, работни површини, кревети, столови, инкубатори за новороденчиња, возила за прва помош, инвентар, санитарии итн., во болници и во други медицински установи, во медицинска и во стоматолошка практика, во домови за стари и за изнемоштени лица.

## Начин на употреба

**DEZINTAL® extra** е раствор готов за употреба, којшто се распрснува во форма на пена. Се употребува за брза дезинфекција на површини и на опрема со распрснување или со пребришување. При употреба, **DEZINTAL® extra** се распрснува на растојание од 30 cm (40 ml/m$^2$) по површината, се остава да дејствува 5 минути и се пребришува со чиста (неткаена) крпа или **DEZINTAL® extra** се нанесува на чиста (неткаена) крпа, со неа се пребришува површината што треба да се дезинфицира и се остава да се исуши.

| | |
|---|---|
| ***За дезинфекција на површини*** | 5 минути |
| ***За инактивација на***: | |
| бактерии | 1 минута |
| *Candida albicans* | 1 минута |
| *Mycobacterium tuberculosis* | 5 минути |
| *Rotavirus, Papovavirus*/SV40 | 0,5 минути |
| *HIV, HBV, HCV,* H1N1/H5N1 | 1 минута |

## Мерки на претпазливост

**DEZINTAL® extra** е запалива смеса. Не смее да дојде во контакт со очите. Ако тоа се случи, плакнете ги со вода неколку минути. Отстранете ги контактните леќи доколку се присутни и доколку лесно можете да го направите тоа. Продолжете со плакнење. Побарајте совет од лекар. Ако **DEZINTAL® extra** се проголта, исплакнете ја устата со вода и побарајте совет од лекар. При дезинфекција на електрични апарати претходно проверете дали се исклучени од довод на електрична енергија.

## Складирање

**Да се чува на места недостапни за деца!**
**DEZINTAL® extra** чувајте го во добро затворена оригинална амбалажа, на суво и на проветрено место, на температура од 0ºC до +25ºC, одвоено од храна и од пијалаци. Чувајте го подалеку од отворен оган, топли површини и од извори на запалување. Преземете соодветни мерки против статичко празнење.

## Рок на употреба

**1 година**.

**Напомена**: Не го употребувајте **DEZINTAL® extra** по датумот на истекот на рокот на употреба. Датумот на истекот на рокот на употреба се однесува на последниот ден од тој месец.

**Рок на употреба по отворање**

По отворање, производот **DEZINTAL® extra** употребете го во рок од 28 дена.

**Напомена**: Еднаш отворениот производ **DEZINTAL® extra** чувајте го во добро затворена оригинална амбалажа, на суво и на проветрено место, на температура од 0ºC до +25ºC, одвоено од храна и од пијалаци.

**Пакување**

**DEZINTAL® extra е пакуван во**
- пластично шише со содржина од 500 ml и од 1000 ml;
- пластичен канистер со содржина од 5 l и од 10 l;
- помошна опрема: распрснувачи-распенувачи за 500 ml и за 1000 ml.

**За информации околу безбедноста при употреба,**
**Ве молиме користете безбедносен лист.**